ЗАПИСНИК
од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио
и аудиовизуелни медиумски услуги
одржана на 23.02.2023 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.02.2023 година.
2. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово за прекршување на членот 51 став 1 од ЗААВМУ.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот Сигнал Нет од Куманово за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.02.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово за прекршување на членот 51 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршувањето е констатирано со надзорот направен на 4 јануари 2023г. и констатирано е дека радиодифузерот не ги обезбедил информациите што треба да им се направат достапни на корисниците како што се полното име на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга, адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга, податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата, одговорно лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело. Потсети дека во ноември 2022 година исто така беше направен надзор при што беше констатирано истото прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ, но бидејќи е завршена календарската година, повторно се предлага на радиодифузерот да му се изрече мерка јавна опомена и во точно утврдениот рок согласно подзаконскиот акт на Агенцијата му се наложува да го отстрани прекршувањето а потоа да се направи контролен надзор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор, бр.10-465/1 од 27.01.2023 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 4 јануари 2023 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по Решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 51 став 1 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот Сигнал Нет од Куманово за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека со надзорот е констатирано дека операторот реемитува три програмски сервиси кои што не се опфатени со Потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата. Бидејќи ова прекршување го прави првпат во текот на календарската година се предлага да се изрече мерка јавна опомена и да му се наложи на операторот веднаш по приемот на Решението да ги исклучи каналите кои не се регистрирани.

Г-дин Ајдини рече дека во материјалите по точката е цитиран и член 64 став 2 од ЗААВМУ во врска со преведување на програмскиот сервис кој се реемитува, кој мора да биде титлуван на македонски јазик и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на РСМ. Во таа насока праша дали тоа значи дека програмите се реемитувале на оригинален јазик или?

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева објасни дека кога се прават овие надзори, се прават на двата члена односно на член 64 став 2 и на член 141 став 13, при што се гледа дали сите канали што се реемитуваат се опфатени со Потврдата за регистрација и дали се титлувани на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на РСМ. Во овој Извештај од надзор не се констатирани прекршувања по член 64 став 2 од ЗААВМУ.

Г-дин Ајдини рече дека често се случува како на пример кај програмскиот сервис „Cufo“ да се емитува директно на англиски јазик без да биде титлуван.

Раководителката Давидовска Довлева објасни дека доколку програмскиот сервис изворно се реемитува на англиски јазик тогаш е во ред.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-776/1 од 16.02.2023 година и едногласно заклучи на Друштвото за производство, трговија и услуги СИГНАЛ-НЕТ ДОО Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за производство, трговија и услуги СИГНАЛ-НЕТ ДОО Куманово, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на подрачјето на Република Северна Македонија, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „Scan TV“, „Cufo“,и „Super Sport News“ кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-824/4**

**27-02-2023 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Agjencia për shërbime mediale audio dhe audiovizuele
СКОПЈЕ / SHKUP